Борче ИЛИЕВСКИ УДК: 281.963(497.7)„19“

# РЕШАВАЊЕ НА ЕПИСКОПСКОТО ПРАШАЊЕ ВО НР МАКЕДОНИЈА 1945-1958 ГОДИНА

***Кратка содржина***

*По одржувањерто на Првиот црковно-народен собор во март 1945 година, како особено значајно се поставило прашањето за избор на епископи за епархиите во НР Македонија. Прашањето било исклучително сложено заради немањето на содветен кадар во НР Македонија, како и заради острото спротиставување на Српската православна црква и нејзиното барање во Македонија да се вратат епископите кои раководеле со епархиите во Македонија до април 1941 година. Прашањето останало отворено се до 1958 година, кога Вториот црковно– народен собор ги бира првите епископи во НР Македонија по Втората светска војна. Нивната хиротонија била извршена наредната 1959 година, на која учествувал и тогашниот српски патријарх Герман. Прашањето за избор на епископи во македонските епархии било следено од државните и партиски структури, кои понекогаш имале и одлучувачко влијание околу одредни кадровски прашања.*

***Клучни зборови:*** *МАКЕДОНСКО ЦРКОВНО ПРАШАЊЕ, СРПСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА, ЕПИСКОПАТ, ПРВ ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБОР, МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА, ВТОР ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБОР.*

Соседните православни цркви долго време раководеле со црковниот живот во Македонија. Меѓутоа нивната активност особено во XIX век, во најголем степен се сведувала на пропагандни активности и поддржување на владините политики во зависност која национална црква управувала со Македонија, додека пастирската работа меѓу народот, на просторот на Македонија заради „поважните национални работи“ во долг временски период била ставена на страна.

Со ретки исклучоци во македонските епархии, главно, управувале архиереи кои не само што не биле Македонци туку и не потекнувале од Македонија. Така, на пример, во меѓувоениот период во епархиите во вардарскиот дел на Македонија, Српската православна црква поставила осуммина архиереи од кои ниту еден не бил Македонец, или барем од Македонија.

Токму заради ваквата политика на недоверба кон кадри по потекло Македонци спроведувана од соседните православни цркви, по ослободувањето на Македонија практично немало кадри кои би можеле да ја преземат епископската должност.

По 1945 година, ова прашање често ќе биде на дневен ред и на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија, но и на партиските форуми кои биле живо заинтересирани кои лица би можеле да ја прифатат епископската должност. Откако барањето од македонското свештенство под притисок на властите од автокефалност се сведува само на некои минимални самоуправни права, меѓу кои, домороден епископат, во наведениов период од страна на свештениците, но и од верниците честопати било покренувано ова горливо прашање за внатрешниот живот и функционирањето на Православната црква во Македонија. Поставувањето на епископи во македонските епархии било потребно заради средување на внатрешните состојби во црквата, како и заради оправданиот страв дека без епископи би се останало и без свештенички кадар, бидејќи не би имало кој да ги ракополага идните свештеници. Без епископи, исто така, не може да функционира една православна црква.[1] За ова прашање се расправало дури и на сојузно ниво. Сојузните власти преку комисијата за верски прашања, а најверојатно по барање кое доаѓало од НР Македонија го поставиле ова прашање пред Светиот синод на Српската православна црква. Претставниците на Српската православна црква постојано истакнувале дека во Македонија нема кандидати кои би можеле да ја прифатат епископската должност, бидејќи постојното свештенство не ги исполнувало условите пропишани со црковните канони. Во своите анализи сојузната комисија за верски прашања заклучува дека на раководството на Српската православна црква му одговара положбата на немање на соодветни кандидати за епископи од Македонија со што решението на овој проблем се одолговлекувало.[2]

Раководејќи се од сознанието дека Православната црква во Македонија без епископи ќе падне во презвитерианство, Иницијативниот одбор започнал да бара излез од ваквата состојба, надевајќи се на промена на ставот на Српската првославна црква. Во исто време државните органи остро се спротиставиле на тежнението од страна на некои црковни кругови во Македонија, проблемот на недо-

---

[1] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Проблеми со православната црква во НРМ, 4.02.1953.

[2] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1., Однос верских заједница према држави, 5.10.1954.

статок на кадар за епископска должност да се реши со повикување на епископи од други православни цркви каде што имало владици кои што биле по народност Македонци, како на пример во Бугарија. Ваквата опција во еден случај ја искажал и Лазар Колишевски при разговорот со српскиот патријарх Гаврил, но веројатно само како притисок, а не како цврст став. Притиснат од сите страни Иницијативниот одбор во мај 1948 година, поднел барање до Архиерејскиот собор на Српската православна црква што побрзо да биде извршен избор на кандидати за епископи, тие да се ракоположат, за што побрзо да започнат со своите активности во македонските епархии.[3] Но сите биле свесни дека во Македонија во овој период немало соодветен кадар кој би можел да ја прифати епископската должност, бидејќи мнозинството монаси во Македонија биле Руси – белогардејци, а Македонци имало прилично малку, но и тие не ги исполнувале сите црковно – правни прописи, теолозите цивили биле скоро сите женети, а свештениците вдовци не одговарале за една ваква должност. Сепак постоел еден мал број на кандидати кои ги задоволувале канонските одредби на православната црква и главно тие и биле предложени од страна на Иницијативниот одбор, а нивните биографии биле разгледувани во партиските комисии.[4]

Меѓутоа, за време на патријархот Гаврил не се ни очекувало дека ќе се најде некое соодветно решение за епископското прашање во Македонија. Тој заедно со поранешниот митрополит скопски Јосиф (Цвијовиќ) кој претендирал да се врати во скопската епархија, имале заземено цврст и крајно ригиден став за враќање на состојбата во Македонија на црковен план како пред 1941 година.

По смртта на патријархот Гаврил дошол полибералниот епископ Викентиј кој на престолот најверојатно бил поставен со одредена помош на тогашните власти. Затоа се верувало дека со новиот патријарх значајно ќе се подобрат односите помеѓу Српската православна црква и државата. Во Македонија, можеби помалку наивно, верувале и во подобрување и средување на односите помеѓу Српската црква и македонското свештенство. Вакви заклучоци биле изведени од неколкуте разговори со него при што секогаш се залагал за решавање на македонското црковно прашање.[5] Но за релативно

---

[3] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989, 1049; Јован Белчовски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1990, 145.

[4] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509-513, Прашање на Православната црква во НРМ, 29-ти август 1950.

[5] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 72/540-541, МПЦ – избор архиереја домородаца, однос српске цркве по том питању и коментари свешенства.

кратко време на претставниците на Иницијативниот одбор им станало јасно дека изјавите на новиот патријарх се само декларативни. Се дошло до заклучок дека тој всушност тактички ја спроведувал политиката на покојниот патријарх Гаврил и на митрополитот Јосиф.[6]

Во овој период од страна на Иницијативниот одбор биле правени повеќе кандидатски листи за лица кои би можеле да се предложат на Архиерејскиот собор на Српската православна црква за нивен избор за епископи. Покрај неколкуте кандидати кои живееле во Македонија секогаш се сметало и на тогашниот архимандрит во редовите на Српската православна црква, Доситеј.[7] За времето на патријархот Гаврил во Српската православна црква воопшто и не се размислувало за изборот на архимандритот Доситеј, заради познатиот патријархов став кон македонското црковно прашање. Во редовите на СПЦ за епископи биле бирани луѓе со многу помал стаж во црковната хиерархија од Доситеј. И самиот архимандрит Доситеј не верувал дека Соборот би го избрал за епископ, а тоа свое мислење го искажал во разговор со свештеник од Македонија.[8] Во овој период архимандритот Доситеј бил управник на патријаршискиот двор во Сремски Карловци што повеќе се сметало за казна отколку напре-

---

[6] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Ibidem

[7] Првиот поглавар на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква Г. Г Доситеј со световно име Димитрија Стојкоски е роден на 7-ми декември 1906 година. Потекнувал од печалбарско семејство. Во 1922 година започнал да учи на богословијата во Сремски Карловци, а во 1924 година се вратил во Македонија и на своја осумнаесет годишна возраст се замонашил во манастирот Света Пречиста близу Кичево. Набргу потоа заминува во Света Гора каде останал осум години. По враќањето од Света Гора го доврши своето богословско образование во битолската богословија по што започнал да напредува во црковната хиерархија. На 12.02.1932 бил унапреден во чин ѓакон, а на празникот Цветници истата година во црквата Свети Климент во Охрид од страна на епископот Николај (Велимировиќ) бил ракоположен во чин јеромонах. По завршувањето на богословијата својата теолошка наобразба ја заокружил на теолошкиот факултет во Белград каде што дипломирал во 1942 година, по што бил поставен за чиновник во Патријаршијата. По враќањето на патријархот Гаврил (1946) бил назначен за старешина на патријаршискиот двор во Сремски Карловци. Во 1951 година Архиерејскиот собор на СПЦ го бира за викарен епископ топлички. Во јули 1951 бил хиротонисан во соборната црква во Белград од страна на епископот сремски Никанор (Иличиќ) и од епископот моравички Герман (Џориќ) – подоцнежниот српски патријарх. Во 1958 година на Вториот црковно - народен собор е избран за поглавар на Македонската православна црква со титула Архиепископ охридски и скопски и митрополит македонски, а во 1967 година застанува на чело на автокефалната Македонска православна црква. Починал на 20-ти мај 1981 година во Скопје. Неговиот гроб се наоѓа во црквата Свети Димитриј во Скопје. (Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј, Скопје 1995)

[8] Во разговорот тогашниот архимандрит Доситеј рекол: „нема од изборот ништо, ја намеравам да се некако ослободам од должноста управник на патријаршиското добро (во Сремски Карловци) па да отидам во Хиландар и да таму проживејам овија години што ми останаја" (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514-535, Биографски податоци за лица предвидени за разни црковни звања, 7.08.1950)

дување, бидејќи претходно Доситеј бил службеник во Патријаршијата. Најверојатно бил испратен во Сремски Карловци пред се заради некои несогласувања со митрополитот Јосиф.[9]

Но по смртта на патријархот Гаврил многу нешта се промениле, па така и архимандритот Доситеј бил земен во предвид за избор во епископски чин. Ова било дел од дипломатската тактика на новиот патријарх Викентиј, кој користејќи го македонското потекло на Доситеј имал намера заедно со него да испрати и други епископи на Српската православна црква во македонските епархии меѓу кои и митрополитот Јосиф. На овој начин, преку испраќањето на Доситеј во Македонија заедно со други српски епископи, во Српската православна црква сметале дека на мала врата ќе им биде овозможено во Македонија да ги задржат изгубените предвоени позиции.[10]

Партиските структури во почетокот на педесеттите години биле силно заинтересирани за дезактуелизирање на македонското црковно прашање, пред се за избор на епископи во македонските епархии, бидејќи сметале дека со тоа конечно ќе се стави крај на овој долгогодишен проблем. Тие будно собирале податоци за луѓето кои би можеле да бидат идни епископи, а ова особено се засилило по изборот на Доситеј за епископ во Српската православна црква. Тогаш тој бил окарактеризиран како „сериозен и чесен човек" кој бил познат на многумина од црквата уште од време на неговото школување во битолската богословија, при што се напоменувало дека против него во Македонија не би постоел отпор и дека би бил добро примен од свештенството, кај кое уживал голем углед.[11]

На црквата во Македонија во овој период преку и бил потребен ваков човек со долгогодишно искуство и работа во црквата, па затоа и во црковните кругови Доситеј веднаш бил прифатен како најсериозен кандидат за епископ во Македонија. Но и партиските и државни структури будно ја следеле состојбата. Во еден партиски извештај се вели: „во секој однос тој е морален, трудољубив и доста религиозен, но не верски фанатик, дружељубив и пристапачен. Како богослов не покажувал никакви тенденции за политичка припадност, а по македонското национално прашање немал негативен став".[12]

---

[9] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514-535, Биографски податоци за лица предвидени за разни црковни звања, 7.08.1950; Доне Илиевски, Архиепископот..., 27.

[10] Доне Илиевски, op. cit, 32.

[11] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514-525, Биографски податоци, 7.08.1950.

[12] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509-513, Прашање за Православната црква во НРМ.

Во македонските црковни кругови се размислувало и за повеќе други кандидати, бидејќи постоело мислење доколку се предложат повеќе кандидати пред Архиерејскиот собор на Српската православна црква, архиереите би имале поголема можност за избор на некои од нив. Меѓу кандидатите имало свештеници, активни членови на Иницијативниот одбор како и мирјани.[13] Интересен е ставот на некои сојузни органи кои во овој период сметале преку македонското црковно прашање да изнајдат решение на проблемите со дел од епископатот на Српската православна црква. По изборот на Викентиј за српски патријарх кој немал голема подршка во Соборот на Српската православна црква во овие сојузни органи се сметало дека преку изборот на епископи за трите епархии во Македонија би можело да му се обезбеди мнозинство на патријархот во Архиерејскиот собор на СПЦ.[14] Се разбира дека овие комбинаторики на некои сојузни органи негативно се одразиле врз решението на епископското прашање во Македонија, а имале и лошо влијание врз некои српски архиереи, како и во црковните кругови во Македонија. Властите биле свесни дека освен кај свештениците, жив интерес за избор на македонски владици владеел и кај верниците но и воопшто кај јавноста во Македонија кај која често се поставувало прашањето „кога ќе добијат свој владика“.

Бидејќи во Соборот на Српската православна црква не постоело расположение да се прифатат кандидатите за архиереи предложени од Иницијативниот одбор, во Сојузната комисија за верски прашања започнале да размислуваат и за други солуции. Тогашниот претседател на Сојузната комисија за верски прашања, Милое Дилпариќ ја прифатил формулацијата дека во Македонија нема соодветни кандидати за епископска должност и ги убедувал претставниците на Иницијативниот одбор дека треба да се согласат со епархиите во Македонија да раководат архиереи кои ќе ги назначи Српската православна црква при што тие „ќе бидат само форма во раководењето,

---

[13] Од свештениците како кандидати во почетокот на педесеттите години фигурираат: претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски, роден 1916 во село Лазарополе, Климе Малевски роден 1918 во Струга и Атанас Поповски роден 1908 (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514-525), но како свештеници сите тие биле семејни луѓе односно женети со што не ги задоволувале докрај пропишаните канонски услови. Помеѓу предложените кандидати имало и богослови кои што не биле свештеници: Димитар Аврамовски од Лешок роден 1914 со завршена богословија, Антоније Николовски од село Смоларе, Струмичко роден 1920 со завршена богословија и филозофски факултет, Никола Трајковски од Битола роден 1906 со завршен правен факултет, Димко Јовановски од Струга со завршен филозофски факултет и Борис Бошковски роден 1915 со богословски факултет (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 67)

[14] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514 - 525.

додека битните работи ќе ги решаваат напредните свештеници".[15] Но доколку во Македонија се согласеле да прифатат епископи кои не биле Македонци тоа би значело дека се што било утврдено на Првиот црковно – народен собор и на свештеничката конференција би било погазено. Па така во Иницијативниот одбор, но и во раководството во Македонија останале на ставот за пополнување на македонските епархии со домороден епископат. Во средината на 1951 година за главни кандидати важеле топличкиот епископ Доситеј и Томо Димовски парохиски свештеник од Битола.[16] Во меѓувреме при разговори со партијархот Викентиј како кандидат бил предложен и Димитар Аврамовски од Лешок богослов кој во овој период бил наставник по руски јазик во Гевгелија.[17]

Сите овие предлози кои доаѓале од Иницијативниот одбор биле разгледувани од патријархот Викентиј кој во разговор со членовите на Сојузната комисија за верски прашања изразил сомнеж дека кандидатот свештеникот Томо Димовски би бил прифатлив за повеќето архиереи на Српската православна црква, додека позитивно се изјаснил за Димитар Аврамовски. Патријархот сметал дека за ова прашање би се расправало на соборот во 1952 година и предложил кандидатите Томо Димовски и Димитар Аврамовски да заминат за Белград, за да се запознае со нив како и да им даде упатства кои би биле потребни при припремата за епископски чин.[18]

Соочени со вака убедливите изјави на патријархот Викентиј, во Иницијативниот одбор најсериозно се зафатиле со епископското прашање. Со желба да му се олесни на патријархот свикувањето на

[15] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 72/540 - 541, Информација од 19-ти мај 1954.

[16] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Ibidem.

[17] И во претходниот период Димитар Аврамовски од црковните кругови во Македонија бил предложен за кандидат за епископ, а за него имало расположение дури и кај некои епископи во Српската православна црква, но одредени кругови во партиското и државно раководство немале позитивно мислење за овој кандидат. Димитар Аврамовски бил роден на 15.11.1914 година во Лешок. Со помош на тогашниот скопски митрополит Варнава (Росиќ) – подоцнежен српски патријарх од 1930-1937 година, завршил шестокласна богословија во Призрен, по што работел како наставник по веронаука. По завршувањето на војната од страна на Иницијативниот одбор бил предложен за кандидат за епископ, но заради неговите политички ставови и спротиставувања на официјалната политика, критика на Лазар Колишевски и на колективизацијата немал симпатии кај тогашното политичко раководство во Македонија (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Ibidem) Според официјалните извештаи тој бил убиен при обид за бегство во Грција во јуни 1952 година, но според некои понови истражувања се одрекуваат овие официјални извештаи и врз изјави на сведоци се смета дека не се работело за убиство при бегство туку за чисто инсценирано убиство од страна на властите (Ванчо Меанџиски, Жртва на комунистичкото слепило, Епоха 5.04.1991)

[18] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 73/542 - 545, Преписка од државната комисија за верски прашања на Владата на ФНРЈ до Генералниот секретар на Владата на НРМ, 28-ми јули 1951.

Архиерејскиот собор во 1952 година, на 6-ти ноември 1951 година му била изразена поддршка на истиот и готовност за признавање на јуриздикцијата на Српската православна црква. Притоа биле поставени и некои услови меѓу кои и за изборот на епископи. Се барало „додека да се реши прашањето на митрополитот Јосиф, кого македонскиот народ не го сака да се дадат двајца епископи: викарниот епископ топлички Доситеј, по потекло Македонец и да се хиротониса протоереј Томо Димовски, парох битолски, за втор епископ и во иднина за епархиите во НР Македонија да се избираат епископи само од Македонија, како и хиротонијата на вториот кандидат за епископ да се изврши во Македонија со цел македонскиот народ и свештенството да сватат дека тоа не е враќање на старото“.[19]

На 16-ти ноември 1951 година Иницијативниот одбор со посебно писмо ги разработил овие барања и предложил поширока листа на кандидати за епископи. Покрај епископот топлички Доситеј и протојерејот Томо Димовски биле предложени и веќе споменатиот Димитар Аврамовски, како и Стефан поп Иванов Минов од Богданци и Никола Трајковски од Битола, а се со цел да се решат забелешките на Српската православна црква за несоодветноста на некои од кандидатите.

По добиените предлози од Иницијативниот одбот патријархот Викентиј писмено им се обратил на архиереите на Српската православна црква, со укажување да покажат повеќе разбирање за предлозите кои доаѓале од Македонија. Но овие предлози не само што не биле прифатени туку од епископите на Српската православна црква кои делувале сред дијаспората, д-р Николај (Велимировиќ) и Дионисиј (Миливоевиќ) епископ во САД во јануари 1952 година биле испратени писма во кои остро се говорело против „македонистите“, а овие епископи признавањето на посебна црква во Македонија го сметале за предавство на интересите на СПЦ.

Тие својот став кон македонското црковно прашање го испратиле до Архиерејскиот собор на Српската православна црква, а потоа и го објавиле во посебна брошура во Америка, со цел да влијаат врз членовите на Соборот да не попуштат пред барањета од Македонија. По овие настани Архиерејскиот собор на СПЦ го одбил барањата од Иницијативниот одбор во врска со епископското прашање и

---

[19] Славко Димевски, Историја..., 1051-1052; Доне Илиевски, Автокефалност на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 132; Јован Белчовски, Op.cit., 146; Миодраг Периќ, Историско – правните аспекти во односите меѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Скопје, 1998 , 230.

повторно инсистирал на враќање на српските архиереи во Македонија.[20]

По одбивањето на македонските предлози Иницијативниот одбор бил ставен во една крајно непријатна состојба бидејќи од страна на државното раководство не му било дозволено решавањето на македонското црковно прашање да го бара на самостојна основа, туку било наложувано решението да се бара во рамките на СПЦ од каде што биле одбивани сите иницијативи кои доаѓале од Македонија, дури и оние кои во крајна линија потполно ја прифаќале јуриздикцијата на Српската православна црква со извесни административни самоуправни права за епархиите во Македонија. И во рамките на Партијата во Македонија најверојатно се верувало дека Архиерејскиот собор на Српската православна црква во 1951 / 1952 ќе избере епископи за македонските епархии. Откако до ова не дошло забележителна е пасивизација во партиските структури, во врска со епископското прашање и воопшто за црковното прашање, а се одело и до таму да се констатира дека без епископи властите ќе можат да имаат поголемо влијание врз свештенството.[21]

Во наредниот период односно во 1953 година македонското црковно прашање, а со тоа и изборот на епископи за епархиите во Македонија воопшто не било поставувано на дневен ред на Архиерејскиот собор на СПЦ.[22] Но тоа не значи дека во Македонија и понатаму не се размислувало за ова прашање. Веројатно по македонска иницијатива, а за да се излезе од состојбата кога македонското црковно прашање било ставено на маргините на интересот на Српската православна црква како и на сојузните органи, на 15-ти април 1954 година се одржал разговор меѓу членовите на Сојузната комисија за верски прашања и Синодот на Српската православна црква. Српските архиереи и сега ги искажале познатите ставови познати од претходниот период дека доколку има кандидати кои би

---

[20] Славко Димевски, Историја..., 1053; Во писмото од епископот американско - канадски Дионисиј (Миливоевиќ) се велело „...тие се измислени македонски народ, македонска азбука, македонска книжевност дефинитивно да се запечати одвојувањето од СПЦ и со создавање на независна МПЦ која би била дел од тие измислени форми". На крајот од писмото се изразувало уверение дека Архиерејскиот собор на Српската православна црква и патријархот ќе умеат и во овој случај да ги зачуваат интересите на српскиот народ и на СПЦ. (Мидраг Периќ, Историско – правни..., 231).

[21] Во една партиска анализа од 1953 година се вели „...до средината на 1952 година нашата Партија и власт беја јако заинтересирани, но од тогај престана интересот јер се укажа да је покорисно без владици" (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Проблеми во Православната црква во НРМ, 2.04.1953)

[22] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Кандидати за епископе и коментари око решења црковног питања у Македонији.

ги исполнувале условите епископското прашање во Македонија веднаш би било симнато од дневен ред. Некои членови на Синодот предложиле да бидат избрани двајца епископи, а со скопската митрополија да администрира патријархот Викентиј. Епископот браничевски Хризостом (Воиновиќ) и епископот банатски Висарион (Костиќ) сметале дека за побрзо решавање на ова прашање потребно е митрополитот Јосиф да се пензионира. Било истакнато дека во Српската православна црква има расположение за епископ во Македонија да биде испратен Доситеј но барале да се предложат уште двајца кандидати.[23]

По овие разговори на 7-ми јуни 1954 година Иницијативниот одбор испратил писмо до патријархот Викентиј во кое меѓу друго биле дадени нови предлози за кандидати за епископи во македонските епархии. По претходно консултирање со патријархот Иницијативниот одбор го предложил Нестор Поповски протојереј од Скопје, Томо Димовски протојереј од Битола и Никола Трајковски од Битола.[24] Интересно е дека во овие предлози не фигурира името на епископот Доситеј најсериозен кандидат за епископ во Македонија кој бил прифатлив и за Иницијативниот одбот и за Српската православна црква. Но и покрај овие предлози и испратеното писмо Архиерејскиот собор на СПЦ на јунското заседание ги одбил предлозите на Иницијативниот одбор.[25] За релативно кратко време Иницијативниот одбор истапил со нови предлози кои биле на дневен ред на дискусиите кои се воделе во црковните кругови за ова прашање. Било предложено Архиерејскиот собор на СПЦ да ги избере Нестор Поповски за архиерей на скопската епархија, Томо Димовски за охридско-битолската и епископот Доситеј за злетовско-струмичката епархија. Овие предлози биле подложни на понатамошна дискусија.[26] За само неколку месеци биле изменети некои личности во предлозите на кандидатските листи за епископи што зборува дека во овој период имало и некои внатрешни превирања во рамките на Иницијативниот одбор. Дури во еден период и дел од државните структури се откажале од епископот Доситеј како еден од кандидатите за архиереи во

[23] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Разговор во Сојузната комисија за верски прашања со Синодот на Српската православна црква, 15-ти април 1954.

[24] Доне Илиевски, Автокефалноста..., 135.

[25] Славко Димевски, Истори..., 1054; Доне Илиевски, Автокефалнос..., 135.

[26] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Идеи за решавање на црковното прашање во Македонија, 6.11.1954.

[27] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Предлози за решавање на црковното прашање во Македонија, 3.01.1955.

Македонија.[27] Но ова веројатно биле кратки недоразбирања и епископот топлички Доситеј и понатаму останал кандидат за архиерејската должност во Македонија. Откако во 1957 година била постигната спогодбата меѓу Иницијативниот одбор и патријархот Викентиј за негова администрација во македонските епархии се сметало дека конечно ќе се изнајде решение за македонското црковно прашање вклучувајќи ги и епископите во Македонија.

На своето заседание на 10-ти јуни 1958 година Архиерејскиот собор на Српската православна црква донел одлука да се одложи изборот за епископи во епархиите во Македонија, со што ја прекршил спогодбата постигната со патријархот Викентиј претходната година. Образложението на Соборот било дека ниеден од предложените кандидати, протојерејот Томо Димовски, протојерејот Нестор Поповски, свештеникот Спиро Поповски и Владимир Зафиров Поповски наставник од Охрид биле женети и со тоа не ги исполнувале канонските услови.[28]

По сите овие препреки, станало сосема јасно дека не може да се реализира изборот на епископи Македонци и ова прашање ќе биде решено на Вториот црковно-народен собор. Откако биле извршени сите подготовки, црковно-народниот собор започнал со работа на 4-ти октомври 1958 година. Во подготовките едно од најсериозните и најсложени прашања кое требало да биде решено, било сврзано со оформувањето на кандидатска листа за избор на идниот поглавар и епархиските архиереи на Македонската православна црква. Притоа се имала во вид обврската за полно почитување на канонските норми и усвоената практика во животот на другите самостојни православни цркви. Во тие услови најпогодна личност бил канонски избраниот и веќе хиротонисан епископ топлички Доситеј. Во редовите на Иницијативниот одбор настанало големо олеснување кога епископот Доситеј дал согласност за негов избор за архиереј во Македонија и покрај тоа што бил повикан во Светиот синод на Српската православна црква и бил опоменат за реперкусиите доколку самоволно замине во Македонија.[29] Кандидатската листа била целосно оформена и претставена пред соборјаните. На кандидатската листа освен епископот Доситеј биле и протојереј Томо Димовски архиерејски заменик на охридско-битолската епархија, Никола Трајковски верски подготвен правник и историчар од Битола, прота Спиро Поповски од село Кри-

---

[28] Славко Димовски, Истори..., 1056; Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве, Београд 1991, 208.

[29] Доне Илиевски, Архиепископ..., 45 - 46; Истиот, Автокефалноста..., 140.

вогаштани, Прилепско и теологот Владимир Поповски од село Годивје, Охридско. По дадената согласност кандидатите биле одведени во манастир каде биле замонашени.[30]

По извршеното тајно гласање било утврдено дека за прв Митрополит македонски бил избран дотогашниот епископ топлички Доситеј, по што тој се обратил до соборјаните. Потоа биле избрани и архиереите на преспанско-битолската и злетовско-струмичката епархија. Со тајно гласање за епископ преспанско-битолски бил избран Никола Трајковски со 191 глас, а за злетовско-струмички протосингелот Наум (Томо Димовски) со 139 гласа.[31]

Конечно во јули 1959 година по познатата соборска одлука на Српската православна црква партијархот Герман со делегација на СПЦ ја посетил Македонија и на 19-ти јули 1959 година го ракоположил архимандритот Климент во црквата Свети Мина во Скопје за епископ преспанско-битолски.[32] Митрополитот Доситеј и епископот Климент на 26-ти јули во црката Свети Николај во Штип го хиротонисале архимандритот Наум со што бил конституиран Светиот синод на Македонската православна црква. Со ова конечно се решило едно од најгорливите прашања за животот на Македонската православна црква со што после изборот на епископите се поставиле и темелите за прогласувањето на автокефалност.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска*)

---

[30] Ibid., Автокефалноста..., 143.

[31] Поглаварот на Македонската православна црква Доситеј на 10-ти октомври во манастирот Света Богородица во село Побожје, Скопско, го замонашил Никола Трајковски и му го дал монашкото име Климент. На 12-ти октомври го произвел во чин ѓакон, а на 14-ти октомври во јеромонах. На 19.10.1958 на литургија во црквата Свети Димитриј во Битола го ракоположил во архимандритски чин. Протосингелот Наум бил ракоположен за архимандрит на 12.10.1958 година. (Гласник на МПЦ, I/1, 1959)

[32] Милан Д. Јанковић, Патријарх српски Герман, Београд, 2001, 432.

Borče ILIEVSKI

# FINDING A SOLUTION FOR THE EPISCOPAL ISSUE IN NR MACEDONIA 1945-1958

## Abstract

*Afther the holding of the first church national concil im March 1945, the issue for election of bishop for the eparchies in NR Macedonia was put forwart as very important. The issue was exceptionaliy complex due to not having appropriate staff in NR Macedonia, as well as because of the severe resistance of the Serbian Orthodox Church and its demand that the bishop who ruled the eparchies im Macedonia until april 1941 return to Macedonija. The issue remained opened until 1958, when the Second church national concil elected the first bishops in NR Macedonia after the World War Two. Their ordination was carried out in the next year 1959, which was also attended bu the Serbian Patriarch German of the that time. The issue about the election of bishops in the NR Macedonian eparchies was monitored by the state and parties structures, which sometimes had decisive influence od certain staff issues.*

***Keywords:*** *MACEDONIAN CHURCH ISSUE, SERBIAN ORTHODOX CHURCH, EPISCOPATE, FIRST CHIRCH NATIONAL COUNCIL, MACEDONIAN ORTHODOX CHIRCH, SECOND CHURCH NATIONAL COUNCIL.*